Врз основа на член 66 од Законот за основно образование („Службен весник на РСМ“ бр.161/19, 229/20, 3/25 и 74/25) и Правилникот за начинот на остварување на програмите за заштита од насилство, злоупотреба и запуштање на ученици со и без попреченост, програми за спречување дискриминација и програми за превенција од злоупотреба на алкохол и тутун, злоупотреба на дроги и други психотропни супстанци, учество во игри на среќа и малолетничка деликвенција дел.бр.18-13035/1 од 08.10.2025 година донесен од Министерството за образование и наука, Училишен одбор при ООУ„Димката Ангелов -Габерот“с.Ваташа, донесе

ПРОЦЕДУРА

За начинот на остварување на програмите за заштита од насилство, злоупотреба и запуштање на ученици со и без попреченост, програма за спречување дискриминација, програма за превенција од злоупотреба на алкохол, тутун, дроги и други психотропни супстанци, и Програма за спречување на учество во игри на среќа и други облици на малолетничка деликвенција

Член 1

Со процедурата се уредува начинот на остварување на:

- Програмата за заштита на ученици со и без попреченост од насилство, злоупотреба и запуштање,
-Програмата за спречување на дискриминација,
-Програмата за превенција од злоупотреба на алкохол, тутун, дроги и други психотопни супстанции, и
-Програмата за спречување на учество во игри на среќа и други облици на малолетничка деликвенција во ООУ„Димката Ангелов - Габерот“ с.Ваташа,
(во натамошниот текст: програмите)

Член 2

Програмите се изготвени врз основа на анализа и проценка од стручните соработници во училиштето, предлози од ученичката заедница во училиштето, училишниот одбор и локалната самоуправа.

Член 3

Програмите ги координира и ги реализира Тим составен од директорот на училиштето, педагог, психолог, еден наставник, еден претставник од советот на родители и еден претставник од ученичката заедница.

Тимот го составува директорот на училиштето и е со мандат од најмалку 4 години, односно се до завршување на основното образование на детето на претставникот од совет на родители, односно завршување на основното образование на претставникот од ученичката заедница.

Тимот е одговорен за планирање, следење и евалуација на активностите од програмите, водење евиденција, соработка со надлежни институции и изготвување на извештаи.

Член 4

Директорот најмалку еднаш во текот на една учебна година дава задолжение на стручните соработници во училиштето да вршат разговор со сите ученици од прво до деветто одделение, со цел детектирање на насилство, злоупотреба, запуштање, дискриминација, злоупотреба на алкохол, тутун, дроги и други психотопни супстанции, учество во игри на среќа и други облици на малолетничка деликвенција.

За истото изготвуваат лично досие за секој ученик и го известуваат Тимот од член 3 на оваа Процедура доколку кај некој ученик има појава на некој од наведените појави од став 1 на овој член.

Член 5

Активностите планирани во програмите се прилагодуваат на возраста и потребите на учениците, вклучително и на учениците со попреченост, и се спроведуваат преку:

- интегрирање на содржини поврзани со програмите во задолжителните и изборните предмети,
- Воннаставни активности, час на одделенска настава и општествено-хуманитарна работа,
- Советодавна работа од стручните соработници во училиштето, индивидуална и групна,
- Соработка со родители/старатели, центри за социјална работа, здравствени установи, Министерството за внатрешни работи, локалната самоуправа, здруженија и невладини организации и
- Едукативни активности за сите вработени во училиштето со цел превенција, заштита и навремено препознавање на ризични ситуации кај учениците.

Член 6

Учениците се активни носители и активно учествуваат во активностите од програмите преку вклучување во ученички парламент, ученички клубови и секции, врсничка медијација, волонтерски акции и хуманитарни иницијативи, преку креативни проекти, училишни конкурси и натпревари, избор на ученички „амбасадори“ и сл.

Член 7

Советодавната работа ја спроведува Тимот преку индивидуални и групни разговори:

- со ученици кои се жртви, сведоци на насилство, или покажуваат ризично однесување,
- со ученици со цел спречување предрасуди и стереотипи и за развивање на ампатија,
- со ученици кои покажуваат значи на злоупотреба или се под ризик, советување за лична самоконтрола, емоционална стабилност и друго,
- со ученици кои покажуваат знаци на импулсибно однесување, агресија или се инволвирани во сите прекршоци.

Член 8

Под менторство на наставниците и стручната служба, учениците:

1.Организираат и спроведуваат врснички медијации, дебати и кампањи за ненасилна комуникација, подготвуваат едукативни материјали (плакати, видеа, дигитални содржини) за превенција од насилство.

2. Преку ученичкиот парламент промовираат еднаквост и толеранција, организираат работилници и културни настани за промоција на почитување на различностите и обезбедување врсничка подршка на ученици со и без попреченост.

3. Подготвуваат и реализираат кампањи, едукативни видеа и јавни активности за промоција на здрави стилови на живот, иницираат спортски и рекреативни активности, со вел промоција на здрав начин на живот, спроведуваат анкети и истражувања за навиките на младите и предлагаат мерки за подобрување,

4. Организираат форум-театар, драмски претстави и јавни настани со цел подигање на свеста, креираат кампањи на социјални мрежи и дигитални содржини за одговорно однесување, подготвуваат Кодекс на одговорно однесување кој се усвојува на ниво на ученички паламент.

Член 9

Училиштето воспоставува редовна комуникација и координација со Центар за социјална работа, Министерство за внатрешни работи, здравствени установи, локална самоуправа и невладини организации, во насока на превенција и рана интервенција.

Член 10

Сите реализирани активности се евидентираат и се внесуваат во годишниот извештај за работа на училиштето.

Учениците доставуваат предлози, забелешки и оценка на реализираните активности.

Бирото за развој на образованието врши надзор, анализа и проценка на реализацијата на програмите на национално ниво.

Член 11

Директорот на училиштето е одговорен за спроведување на оваа процедура, а училишниот тим редовно ја следи и ја оценува нејзината ефикасност.

Член 12

Оваа процедура стапува во сила со денот на нејзиното донесување од страна на Училишен одбор при ООУ „Димката Ангелов- Габерот“ с. Ваташа.

Ваташа,
Арх.бр. 01-335/11
31.10.2025 година

Училишен одбор при
ООУ„Димката Ангелов Габерот“ с.Ваташа
Претседател,
Грозда Динова_____

Согласно член 66 и 108 од Законот за основното образование („Службен весник на РСМ“ бр.161/19, 229/20, 3/25 и 74/25), Училишен одбор при ООУ „Димката Ангелов - Габерот“ с.Ваташа, Кавадарци, донесе

О Д Л У К А

за донесување на ПРОЦЕДУРА За начинот на остварување на програмата за заштита од насилство, злоупотреба и запуштање на ученици со и без попреченост, програма за спречување дискриминација, програма за превенција од злоупотреба на алкохол, тутун, дроги и други психотропни супстанци, и Програма за спречување на учество во игри на среќа и други облици на малолетничка деликвенција

Член 1

Се донесува ПРОЦЕДУРА За начинот на остварување на програмата за заштита од насилство, злоупотреба и запуштање на ученици со и без попреченост, програма за спречување дискриминација, програма за превенција од злоупотреба на алкохол, тутун, дроги и други психотропни супстанци, и Програма за спречување на учество во игри на среќа и други облици на малолетничка деликвенција при ООУ „Димката Ангелов - Габерот“ с.Ваташа.

Член 2

Со процедурата се уредува начинот на остварување на:

- Програмата за заштита на ученици со и без попреченост од насилство, злоупотреба и запуштање,
-Програмата за спречување на дискриминација,
-Програмата за превенција од злоупотреба на алкохол, тутун, дроги и други психотопни супстанции, и
-Програмата за спречување на учество во игри на среќа и други облици на малолетничка деликвенција во ООУ„Димката Ангелов - Габерот“ с.Ваташа.

Член 3

Директорот на училиштето е одговорен за спроведување и следење на примената на Процедурата од член 1 на оваа одлука.

Член 4

Оваа Одлука влегува во сила со денот на донесувањето.

с.Ваташа, Кавадарци
арх.бр. 02-335/12
31.10.2025 г.

Училишен одбор при
ООУ „Димката Ангелов- Габерот“ с. Ваташа
претседател, Грозда Динова_____

Изработил,
Гордана Манева_____